

https://youtu.be/6Npc-MkbRhY?t=14

**Бог да го бие Лазор Војвода**

**Што ми нарами тенкана пушка.**

**Што ми запаша острана сабја,**

**Па ми отиде во Вранештица.**

**Па ми пособра вранештичани,**

**Вранештичани све добри луѓе.**

**Ој, ој ви вие вранештичани,**

**Утре ќе ојме за Мечкин Камен.**

**Бог да го бие Герасимо,**

**Што му одговори на Лазора:**

**Ој, ој ти тебе Лазор Војвода**

**Вчера сум дошло дури од Влашко.**

**Вчера сум дошло дури од Влашко**

**Со мојта мајка и мојта жена**

**Со мојта мајка и мојта жена**

**Со мојте деца, деца малечки**

**Утре го чекам денот Петковден**

**Кој ќе ми чека милите гости**

**Што се налути Лазор Војвода**

**Па ми откачи Нагант револвер**

**Ој, ој ти тебе море Герасим**

**Стануј на нозе, нозе јуначки**

**Тогај ми стана море Герасим**

**И ми нарами тенкана пушка**

**Па ми киниса Латоска бука**

**Сланечко село долу Пуста Река**

**Таму загинаја за слободата**

**За слободата на жална Македонија.**

*Стара народна песна испеана за војводата Лазор Груески, родум од село Белица . Снимката е направена во селото Пуста Река (крушевско), во 1988 година од страна на неговиот внук,*
*Дејан Маркоски*
*.*

*Кога селаните дознале кој е човекот кој сака да го посети гробот на војводата му направиле топол пречек испејувајќи му ја оваа песна која ја зачувале од своите предци*

*во спомен на Лазор војвода, човекот кој ги чувал од репресиите.*

*Ова е една од оние песни кои речиси сигурно би паднале во заборав ако не се забележани на ваква снимка.*